**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ**

**СУГС „Браќа Миладиновци " Скопје – Град Скопје**

**за период од 2025 до 2029 година**



Датум

Скопје, 2025

## Преамбула

Член 29-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25) и членови 4, 6; 7; 8; 9; 10; 11 и чл. 12 од Правилникот за формата и содржината на развојната програма за работа на средното училиште.

| **Развојна програма за работа на средното училиште** | |
|---|---|
| **Училиште** | **СУГС „Браќа Миладиновци “ Скопје** |
| Адреса | Ул.„ Бранко Заревски“бр.110 Н.Драчево 1000 Скопје |
| Телефон, е-пошта | 02 2794 967    02 2791 044<br>dusobrakamiladinovci@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2025/2026  - 2028/2029 |
| Број на ученици во училиштето | 234 |
| Вид на образование<br>(гимназиско, ~~средно~~ стручно, уметничко) | стручно |
| Сектори и квалификации* | -Сектор земјоделство,рибарство и ветеринарство – квалификации:  - Агротехничар; - Техничар за агроменаџмент;  Техничар за фитомедицина; - техничар по ветеринарна медицина.<br>-Сектор гимназиско образование |
| **Директор** | Осман Бајрами – ВД директор |
| Име и презиме | Осман Бајрами |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Донесување од училишниот одбор** | |
| Име и презиме<br>(Претседател на училишниот одбор) | Гордана Секоска |
| Потпис | |
| Датум | |

*Се однесува на средното училиште во кое се реализира стручно образование и на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука

## Содржина

1. **Податоци за средното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на средното училиште
2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето (од формирањето на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука)**
3. **Фактори кои влијаат на развојот на средното училиште (СВОТ анализа)**
4. **Мисија и визија на средното училиште**
5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**
6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**
7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**
8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

## 1. Податоци за средното училиште

### 1.1. Идентификациски податоци за средното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Назив на средното училиште | СУГС „Браќа Миладиновци “ Скопје |
| Адреса | Ул.„ Бранко Заревски“бр.110  1000 Скопје |
| Телефон | 02 2794 967    02 2791 044 |
| Место, општина | Скопје, Кисела Вода |
| Интернет-страница | sugsbrakamiladinovci.edu.mk |
| Е-пошта | dusobrakjamiladinovci@jayoo.com |
| Ден на училиштето | |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 3600 m2 |
| Училишен двор (m2) | 3000 m2 |
| Место на реализација на дејноста надвор од седиштето на средното училиште (доколку има такво) | |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1200 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 234 |
| Број на паралелки | 20 |
| Број на паралелки по сектори и квалификации* | Сектор земјоделство,рибарство и ветеринарство – квалификации: (- Агротехничар; - Техничар за агроменаџмент; Техничар за фитомедицина; - 12 паралелки); техничар по ветеринарна медицина – 8 паралелки<br>Сектор гимназиско образование- нема 0 |
| Програми за постсредно образование и број на учесници | |
| Програми за образование на возрасни и број на учесници | |
| Валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење и број на кандидати | |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски и албански наставен јазик |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во средното училиште има паралелки од уметничко образование | / |
| Во средното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациски податоци карактеристични за средното училиште | / |

* Се однесува на средното училиште во кое се реализира стручно образование и на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука

## 1.2. Историјат на средното училиште

Училиштето е формирано во 1964 година, а училишната зграда е подарок од англиската влада по катастрофалниот земјотрес во Скопје(1963).
Училишниот објект е направен како привремен монтажен објект, изграден од четири засебни објекти, од кои едниот е фискултурна сала.
Училиштен двор има спортско игралиште и училишна економија (мини Зоо парк, гаражи во кои е сместена земјоделската механизација, хортикултурен парк и земјоделски површини на кои учениците ја изведуваат практичната настава).
Училиштето е формирано како гимназија на основа на чл.1 и 76 од Општинскиот Закон за школство Сл.весник на СФРЈ бр.4/64 Собранието на Општина Драчево на 16 седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници со Решение бр.01-3521/1 на 01.07.1964 година. Со Решение бр.11-139/1-79 од 17.02.1980 се трансформира во средно стручно училиште, во кое учениците стекнуваат образование од земјоделската и ветеринарната струка.
Со реформите во образовниот систем, во 1995 година Решение бр.11-514/3 од 23.03.1995, повторно се воведуваат гимназиските паралелки, па денес тоа е училиште во кое учениците стекнуваат гимназиско образование и образование од земјоделско-ветеринарната струка.
Гимназиското образование е верифицирано со Решение бр.09-2441/1 од 15.05.2004 година, Министерство за образование и наука, за изборните подрачја општествено- хуманистичко, јазично-уметничко и природно-математичко, а со Решение број 11-1552/4 од 24.06.2011 година е верифицирана експериментална германска паралелка.
Земјоделско – ветеринарната струка работи според реформирана програма со следните образовни профили:
- ветеринарен техничар
- техничар за фармерско производство;
- техничар за хортикултура;
- техничар за агроменаџмент

Програмата е верифицирана со Решение бр.11-83/1 од 09.01.2007година, Министерство за образование и наука.
Наставата во гимназиското и стручното образование (земјоделско-ветеринарната струка) се реализира според наставни планови одобрени од страна на Министерството за образование и наука.
Од учебната 2019/2020 со Решение бр. 12-15002/1 од 12.12.2018 г. во стручното образование учениците од прва година наставата ќе ја следат според наставни планови и програми во реформирано техничко образование, односно во Секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство, со следниве образовни профили:
- агротехничар-верификација УП1 13-2853 од 10.06.2020
- техничар за агроменаџмент-верификација УП1 13-2852 од 10.06.2020
- техничар за фитомедицина-верификација УП1 13-2850 од 10.06.2020
- техничар по ветеринарна медицина- верификација УП1 13-2851 од 10.06.2020 год.

Наставата во училиштето се одвива на македонски и албански наставен јазик

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма за работа на средното училиште

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставни планови и програми | 1.1Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците | да | / | / | Целосно испланирани и реализирани НПП Наставниот кадар е стручен и подготвен за реализација на НПП |
| | 1.2Континуирано следење и вреднување на наставниот процес | да | / | / | Редовно водење на педагошка документација Анализа дека се применувани НПП во согласност со донесените програмски документи од МОН |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Постигања на учениците | 2.1Примена на индивидуализира на настава кај одредени ученици кои имаат посебни образовни потреби | да | / | / | Изработка на ндивидуални образовни планови за работа и работа со ученик кој има ПОП |
| | 2.2Изедначување на критериумите за оценување на ниво на стручни активи | да | / | / | Постои взаемна соработка на ниво на стручни активи |
| | 2.3Вклучувае на што поголем број на ученици во воннаставни активности и во дополнителна и додатна настава | / | да | / | Успешна реализацја на воннаставни активности.<br><br>Мала реализација на дополнителна и додатна настава |
| | 2.4 Намалување на бројот на изостаноците кај учениците | да | / | / | Во училиштето се води целосна евиденцуја за постигнувањата, редовноста и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | поведението на учениците<br>Висок е процентот на ученици со примерно поведение |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Учење и настава | 3.1Стручно усовршување на наставниците и стручните соработници | / | да | / | Помал број на наставници не посетувале обука за ИКТ во наставата |
| | 3.2Континуирано следење и вреднување на наставниот процес | / | да | / | Најголем број на наставници користат добро испланирани и соодветни методи за работа со ученици, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со цела паралелка |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Подршка на учениците | 4.1Формирање на младинска организација/ученички парламент јакнеење на нрговите капацитети и подршка на иницијативите кои доаѓаат од страна на учениците | да | / | / | Избор на органи и тела на ученичка заедница, младинска организација/ученички парламент и изработка на програма за работа |
| Стратешка цел 5 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Училишна клима | 5.1Промовирање на МИО и малдински активизам | / | да | / | Воспоставување на продуктивни партнества во пошироката заедница на активности на МИО |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5.2Промовирање култура на инклузивност | да | / | / | Активно учество на директорот, струч ните служби и предметните настав ници во информира ње на учениците и родителите за правата на децата и одбележување на значајни датуми за човековите права, како и изработка на план за работа и работа со ученик кој има ПОП. |
| | 5.3Подобрување на меѓучовечките односи | да | / | / | Вреднување на активностите реализирани во рамките на оваа задача и поднесу вање извештај |
| | 5.4 Вклучување на родителите и опкружувањето во работата на училиштето | / | да | / | Училиштето делумно презема активности да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањена воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа |
| | 5.5 Соработка со основните училишта | да | / | / | Организација на отворени денови во училиштето |
| | 5.6 Промоција и маркетинг на училиштето | да | / | / | Изработка и реализација на програма на МП |
| Стратешка цел 6 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Управување, раководење и креирање политики | 6.1 Вклучување на сите чинители во донесување на одлуки значај ни за училиштето | да | / | / | Вклучување на вработените во комисии, тимови и други стручни оргсни у тела. |
| | 6.2Информирање на сите чинители за работењето на органите управување и раководење и останатите | да | / | / | Истакнување на записници и одлуки на Управниот одбор и Наставничкиот совет; Годишни извештаи за работата на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | стручни органи и тела | | | | директорот и останатите стручни органи и тела |
| | 6.3 Јакнеење на капацитетите на органите на управување и раководење | да | / | / | Реализација на обука на новите членови на управниот одбор<br>Иаработка на правилник за вреднување и наградување на вработените |

## 3. Фактори што влијат на развојот на средното училиште (СВОТ анализа)

**СВОТ анализа**

| Предности (силни страни) на училиштето | Слабости (слаби страни) на училиште |
|---|---|
| *Целосно испланирани и реализирани Наставни планови и програми (според МОН)<br><br>* Редовно водење на педагошка документација<br><br>* Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на НПП подготвени од МОН<br><br>* Постои взаемна соработка на ниво на стручни активи<br>*Во рамките на слободните часови/проектни активности, содржини програмирани од училиштето, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области, вклучително и програми за стекнување знаења и вештини од областа на претприемништвото и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието, како и еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>*Учениците со помош и поддршка од училиптетои од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат во училиштето, на општинско, регионално, државно или меѓународно ниво.<br>*Реализирање на проекти кои промовираат демократски постапки на однесување на учениците | • Учениците имаат премногу редовни предмети, а малку време за воннаставни активности.<br><br>• По одделни предмети наставата ја реализира несоодветен стручен кадар.<br><br>• Мал процент на реализирана дополнителна и додатна настава.<br><br>• Слаб интерес кај родителите за учество во активностите во училиштето.<br><br>• Недоволна мотивираност кај учениците за подобрување на квалитетот на знаењата и подобрување на целокупниот успех. Постои разлика меѓу перцепцијата на наставниците и учениците во однос на доволноста на знаењата за редовно исполнување на наставните обврски, што укажува на можни разлики во очекувањата или проценките за ниво на подготвеност.<br>• Недоволна присутност на родителите во животот и работата на училиштето<br>• Ниска перцепција за непосредна подготвеност на учениците за вработување, и покрај наставниот процес: и кај учениците и и кај родителите.<br>• Потреба од зголемување на вклученоста во натпревари и активности, иако наставниците |

| | |
|---|---|
| *Активен пристап во сите понудени современи компоненти на наставата<br>* Успешна реализација на воннаставни активности.<br><br>* Учество на сите натпревари на локално, градско и државно ниво.<br><br>*Им се овозможува на сите наставници присуство на интерни и екстерни семинари, обуки, работилници<br><br>* Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на методите, формите и техниките при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма<br><br>*Подготвеност за осовременување на наставата<br><br>* Изработка на ндивидуални образовни планови за ученици со посебни потреби<br><br>* Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување<br><br>* Навремено известување на родителите за напредокот на учениците, но и за нередовноста и поведението<br>* Висока согласност кај наставниците дека ги поттикнуваат учениците на критичко размислување, самостојност и аргументација, што е потврдено и од учениците и родителите<br><br>* Позитивна перцепција кај родителите за улогата на наставникот во мотивацијата и проширувањето на интересите на учениците, како и дека иновативноста на наставниците го зголемува интересот за учење.<br>* Позитивна оценка за влијанието на додатната настава, особено кај родителите.<br>* Соработка на наставниците со стручната служба при изработка на планирањата (подолгорочни – процесно развојните, тематски, кусорочни- дневни или по наставни единици и изработка на индивидуален образовен план). | ги охрабруваат учениците, дел од учениците чувствуваат дека знаењата не се секогаш доволни за натпреварувања.<br>• Учениците не се вклучени во изработка на наставните планови и програми.<br>• Родителите не се сигурни дали учениците учествуваат и се пријавуваат на натпревари.<br>• Родителите и учениците сметаат дека учењето преку работа кај работодавач не се реализира целосно во компании согласно наставниот план и програма<br>• Хигиената во училиштето;<br>• Грижа за квалитот на храната што ја консумираат учениците во училиштето;<br>• Пушењето во училишниот двор<br>• Слабиот интерес на родителите за соработка со училиштето;<br>• Има наставници кои не се соодведни за одредени наставни предмети ( и наставници кои се студенти)<br>• Има наставници на неопределено работно време кои немаат ниту еден час во матичното училиште и сеуште не се поведени постапки за нивно превземање.<br>• Висок процент на наставници кои се вработени на одредено работно време |

| | |
|---|---|
| * Наставниците имаа планирање и подготовка за час со јасна структура за текот и изведбата на часот, предвирени начини на наставна работа и приоди во подучување и учењето.<br>* Родителите и учениците се навремено и транспрентно информирани за напредокот и постигнувањата на учениците во однос на очекуваните исходи и/или индивидуалните цели.<br>* Знаењето стекнато во училиште му помога на ученикот во приватниот и професионалниот живот, а дополнителната/додатната настава до доусовршуваат знаењето.<br>* Во училиштето се промовира прифаќање, почитување, толеранција и соработката.<br>*Училишниот простор е безбеден за изведување настава;<br>* Учениците се информираат во училиштето за можностите за продолжување на своето образование;<br>* Постои грижа за менталното здравје на учениците и постои поддршка за надминување со емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.).<br>* Во училиштето има поддршка за учениците со посебни потреби и се работи на нивно прифаќање, прилагодување, унапредување на нивниот разој и школско напредување;<br>* Во училиштето се води целосна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците;<br>* Во училиштето учениците добиваат совети за однесувањето во училиштето и надвор од него како и справување со конфликтни ситуации;<br>* Училиштето е иклузивно; | |

| | |
|---|---|
| * Помеѓу учениците владеат пријателски односи, независно од нивната етничка припадност;<br><br>* На училиштето му се важни постигањата,успехот и поведениието на учениците ;<br><br>* Ученичката заедница во училиштето функционира добро;<br><br>* Учениците го почитуваат кодексот на однесување во училиштето;<br><br>* Училиштето ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам;<br><br>* Училиштето е опремено со потребни надгледни средства и опрема за теоретска и практична настава;<br><br>* Училиштето има воспоставен систем на промовирање и информирање за своите постигања;<br><br>* Наставата ја реализираат стручни и компетентни наставници;<br><br>*Стручната служба им дава поддршка на наставниците во реализација на сите фази од воспитнообразовниот процес<br>* Училиштето им обезбедува на наставниците, стручната служба и другите вработени различни обуки;<br>* Менторите го следат и подучуваат приправникот | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки, предизвици што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |

| | |
|---|---|
| * Единствено средно мешано (гимназиско и стручно, како и мултиетничко) училиште во најблиските 3 општини: К.Вода, Студеничани, Зелениково.<br>* Соработка со бизнис секторот значаен за земјоделско-ветеринарната струка, но и со останататите субјекти.<br>* Можност за добра промоција и маркетинг на училиштето.<br>* Искористување на познати личности кои го завршиле средното образование во нашето училиште во промоција и маркетинг на училиштето.<br>* Вклучување на учениците и наставниците во голем број на домашни и меѓународни проекти<br>*Организирање на обуки според потребите на вработените | *Конзервативноста кај опкружувањето во одност на мултиетничките, родовите и другите различности кај учениците и возрасните.<br>*Лошиот имиџ на училиштето кој се провлекува од неговото формирање.<br>*Потценувачкиот однос на луѓето кон земјоделието како идна професија.<br>*Желбата на учениците од опкружувањето да го продолжат своето средно образование во „елитни гимназии и стручни училишта“.<br>*Местоположбата на училиштето во руралниот дел од Општина Кисела Вода и Градот Скопје (оддалеченоста од ценарот на градот<br>*Поголема контрола при реализација на плановите за професионален развој на наставниците и стручните соработници. |

## 4. Мисија и визија на средното училиште

**Мисија на училиштето**

Средното училиште на град Скопје „Браќа Миладиновци“ е единствено средно училиште околу кое гравитираат 3 општини: Кисела Вода, Студеничани и Зелениково.
Тоа е и единствено училиште во Градот Скопје во кое е застапена земјоделско-ветеринарната струка и единствено училиште кое во овие општини нуди гимназиско образование на два наставни јазика-македонскиот и албанскиот.
Нашата мисија е да образуваме што повеќе ученици кои како идни граѓани ќе ги негуваат и почитуваат различностите и ќе го негуваат мултикултурализмот и инклузијата како и градење на здрава и чиста животна околина.

**Визија на училиштето**

Сакаме нашето училиште да биде препознатливо во опкружувањето поради успесите кои што ги постигнуваат учениците и квалитетната настава што ја изведуваат наставниците. Сакаме да бидеме училиште во кое ќе се учи за да се стекнуваат квалитетни и применливи знаења, вклучувајќи ги сите независно од тоа дали се разликуваат во нешто...и сакаме училиште полно со ученици.

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Професионален развој на наставниците | Професионалното усовршување на наставниците е од клучно значење за реализирање на модерна и квалитетна настава. |
| Родова рамноправност во воспитно образовниот процес | Задолжителна едукација од областа на родовите односи, родовата рамноправност и препознавањето и надминувањето на родовите стереотипи, кај учениците доведува до разбивање на половата дискриминација и за поделба на машки и женски професии. |
| Соработка со локалната заедница и локалната средина | Зголемување на соработката со бизнис секторот и други надворешни институции<br>Вклучување во културни,спортски и други активности со младината и поблиската околина и други учулишта<br>Собирни акции. Доведуваат до воспоставување на продуктивни партнества во поширокота заедница |
| Техничка опременост и функционалност на дигиталната опрема во секој кабинет на училиштето | Имплементирање на ИКТ во наставниот процес ги збогатува знаењата на учениците и ги поттикнува нивните креативни потенцијали кое е една од базичните цели во воспитно-образовниот процес |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

### Од приоритети кон стратешки цели

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| Професионален развој на наставниците | Унапредувае на компетенциите на  наставниците за современа реализација на воспитно образовниот процес |
| Родова рамноправност во воспитно образовниот процес | Интеграција на родова рамноправност во воспитно образовниот процес |
| Соработка со локалната заедница и локалната средина | Продлабочување и проширување на соработката со локалната самоуправа |
| Техничка опременост и функционалност на дигиталната опрема во секој кабинет на училиштето | Унапредување на условите за работа на училиштето |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Унапредувае на компетенциите на наставниците за современа реализација на воспитно образовниот процес | 1.1Утврдување на потребите на наставниот кадар за професионален развој |
| | 1.2Изготвување и реализирање на програма за професионален развој на наставниот кадар |
| | 1.3 |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели |
| Интеграција на родова рамноправност во воспитно образовниот процес | 2.1 Организирање на работилници, трибини со учениците од нашето училиште |
| | 2.2Задолжителна едукација од областа на родовите односи, родовата рамноправност и препознавањето и надминувањето на родовите стереотипи |
| | 2.3Соработка и споделување на искуства со Невладиниот сектор кој работи на оваа проблематика |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели |
| Продлабочување и проширување на соработката со локалната самоуправа | 3.1 Афирмација на училиштето |
| | 3.2 Организирање на обуки од практично значење( прва помош, елементарни непогоди, болести на зависност) |
| | 3.3Организирање на трибини и активности за МИО |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели |
| Унапредување на условите за работа на училиштето | 4.1 Техничка опременост и функционалност на дигитална опрема во секоја училница на училиштето |
| | 4.2 Реновирање на кровната конструкција на училиштето |
| | 4.3 |

7. **Акциски план за реализација на развојната програма на училиштето**

| **Стратешка цел 1**. Унапредувае на компетенциите на наставниците за современа реализација на воспитно образовниот процес | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1** Утврдување на потребите на наставниот кадар за професионален развој | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведува ње | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| Формирање на тим за согледување на состојбата во врска потребите на наставниот кадар за професионален развој<br>- изготвување извештај за извршениот увид во состојбата во рамки на училиштето<br>- дефинирање на приоритетите за натамошни активности<br>-согледана состојба во врска потребите на наставниот кадар за професионален развој | Анализа и извештај на прашалници и планови за личен професионален развој на наставниот кадар | - директор, педагошко-психолошка служба, наставници<br>- стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер | - директор, педагокошко психолошка служба, | Извештај за потреби за професионален развој на наставен кадар |
| - постоење на формален документ /План и програма за обуки на | Планирање и спроведување на обуки за професион | директор, педагошко-психолошка служба, | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, | - директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| наставници | ален развој на наставниот кадар | наставници - стручни лица | | компјутер | | |

**Развојна цел 1.2** Изготвување и реализирање на програма за професионален развој на наставниот кадар

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на план и програма за професионален развој на наставен кадар | Планирање и спроведување на обуки за професионален развој на наставниот кадар | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер | - директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |

**Стратешка цел 2**. Интеграција на родова рамноправност во воспитно образовниот процес

**Развојна цел 2.1** Организирање на работилници, трибини со учениците од нашето училиште

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| согледана состојба во врска потребите на организирање на работилници, трибини со учениците - дефинирање на приоритетите за натамошни активности - | Извештај за потреби за организирање на работилници, трибини со учениците | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер | директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.2** Задолжителна едукација од областа на родовите односи, родовата рамноправност и препознавањето и надминувањето на родовите стереотипи | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| согледана состојба во врска потребите на едукација од областа на родовите односи, родовата рамноправност и препознавањето и надминувањето на родовите стереотипи | Извештај за потреби за едукација од областа на родовите односи, родовата рамноправност и препознавањето и надминувањето на родовите стереотипи | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер | директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |

| **Стратешка цел 3**. Продлабочување и проширување на соработката со локалната самоуправа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1** Афирмација на училиштето | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| согледана состојба во врска потребите од контакт со соодветни стручни служби од локалната заедница – | Извештај за потреби за контакт со соодветни стручни служби од локалната заедница<br>планирање и реализац | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер | директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ија на обуките; _ | | | | | |
| **Развојна цел 3.2** Организирање на обуки од практично значење( прва помош, елементарни непогоди, болести на зависност) | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| согледана состојба во врска потребите за организирање на обуки од практично значење - дефинирање на приоритетите за натамошни активности | Извештај за потреби за организирање на обуки од практично значење | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер | директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето - |
| **Развојна цел 3.3** Организирање на трибини и активности за МИО | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| согледана состојба во врска потребите за организирање на трибини и активности за МИО - дефинирање на приоритетите за | Извештај за потреби за организирање на трибини и активности за МИО | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер | директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| натамошни активности | | | | | | |

| **Стратешка цел 4**. Унапредување на условите за работа на училиштето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 4.1** Техничка опременост и функционалност на дигитална опрема во секоја училница на училиштето | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| - согледана состојба во врска потребите за техничка опременост и функционалност на дигитална опрема во секоја училница на училиштето<br>- изготвување извештај за извршениот увид во состојбата во рамки на училиштето | Извештај за потреби за техничка опременост и функционалност на дигитална опрема во секоја училница на училиштето | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер – смарт табли, ЛЦД проектори, телевизори, | директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |
| **Развојна цел 4.2** Реновирање на кровната конструкција на училиштето | | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за спроведување | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| согледана состојба во врска потребите за реновирање на кровната конструкција на училиштето - изготвување извештај за извршениот увид во состојбата во рамки на училиштето - дефинирање на приоритетите за натамошни активности | Извештај за потреби за реновирање на кровната конструкција на училиштето | директор, педагошко-психолошка служба, наставници - стручни лица | Во текот на учебната година | хартија пенкала, штампач, компјутер – градежен материјал | директор, педагокошко психолошка служба | Годишен извештај за работа на училиштето |

8. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на средното училиште**

Претседател, Драган Стефановски

Член, Наташа Младеновска Тошевска

Член, Марија Ручкоманова Соколовска

М.П.

Датум:
2025 година

Директор,

---------------------------------------------

Претседател на училишниот одбор/
управниот одбор*

---------------------------------------------

* Се однесува на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука